Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 26.02.2020

На 25.02.2020 во 19.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Варшавска", го лишиле од слобода О.Д.(27) од Косово затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2020 во 21.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Сливовска" ги лишиле од слобода М.Ј.(25), П.К.(22) и В.Н.(36), сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 25.02.2020 во 16.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода И.П.(28) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2020 во 13.00 часот било пријавено дека во с.Арачиново, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „ауди а4" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(43) од Арачиново и мотоцикл „јамаха" без регистарски ознаки, управуван од Х.Б.(22) од с.Арачиново. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде починал. Сопатникот на мотоциклот, А.С.(26) од с.Арачиново, исто така, се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатиот ден (25.02.2020) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол, еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило и две возила бидејќи биле нерегистрирани. Во текот на изминатиот ден 55 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Полициски службеници од СВР Битола на 25.02.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека шест возачи управувале возило без да поседуваат возачка дозвола, брзината ја надминале пет возачи, пет возила биле нерегистрирани, на мобилен телефон разговарале четири возачи, тројца возачи биле под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај и сигурносен појас не користел еден возач. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.
На 25.02.2020 во периодот од 15.00 до 19.00 часот на подрачјето на Полициската станица Струмица била спроведена акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците. Притоа, биле констатирани седум прекршоци и тие биле соодветно санкционирани.

На 25.02.2020 околу 20.40 часот во с.Боговиње, тетовско, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Н.А.(30) и А.А.(28) од с.Градец, гостиварско и Б.У.(19) од с. Долно Палчиште, тетовско, затоа што при нивен и преглед на патничко моторно возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Тие биле приведени и задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 25.02.2020 околу 20.15 часот на регионалниот пат Тетово-Јажинце, во с.Непроштено, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода У.Р.(19) и С.К.(19), двајцата од Тетово. При нивен и преглед на возилото „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2020 околу 19.20 часот во близина на крстосницата на улиците „Илинденска" и „Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Г.Р.(42) од с.Мала Речица, тетовско. При негов преглед, како и при претрес извршен подоцна со судска наредба во неговиот дом, била пронајдена марихуана. Г.Р. бил приведен и задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.02.2020 околу 12.00 часот на улица „Илинденска" во Гостивар, врз основа на судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле К.С.(49) од Гостивар, кој се барал за издржување казна затвор за сторено кривично дело „тешка кражба". Подоцна, К.С. бил спроведен во Казнено - поправната установа „Тетово" за издржување на казната.

На 25.02.2020 околу 15.00 часот на улица „Вељко Влаховиќ" во Дебар, полициски службеници од Полициската станица Дебар го лишиле од слобода Б.К.(28) од Дебар. Полициските службеници запреле автобус со струшки регистарски ознаки, со кој се превезувал Б.К., и при преглед кај него бил пронајден хероин. Тој бил приведен и задржан во полициска станица, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.02.2020 во 21.20 часот во близина на струшката населба „Теферич", полициски службеници на СВР Охрид запреле патничко возило „хјундаи" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Г.П. од Вевчани. При преглед во возилото, под совозачкото седиште бил пронајден сигнален пиштол ,,Олимпик 38" калибар 3809 милиметри, кој совозачот во автомобилот О.Д.(20) од Вевчани нелегално го поседувал. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против М.Ч.(61) од Струга, управител и сопственик на правно лице од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Тој, во периодот од 04.10.2019 до 30.11.2019, постапил спротивно на Законот за безбедност на храна и спротивно на Договорот за концесија на Охридското езеро и не извршил регистрација на риболовни пунктови, без што не смеел да врши промет на уловена риба. Пријавениот, уловената риба, директно ја носел во магацинот на правното лице и во подружницата Охрид како продавница за малопродажба на риба, што е во негова сопственост. На тој начин, се стекнал со противправна имотна корист од 293 276 денари.

На 26.02.2020 во 06.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 02.30 часот на ул.„Славе Ѓорѓиевски Шнајдер" во Скопје, додека полициски службеници извршувале работни задачи, Д.К.(34) од Скопје физички нападнал еден од полициските службеници. Тој бил лишен од слобода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.02.2020 во 00.15 часот во СВР Скопје, Б.Ј.(45) од Скопје пријавил дека околу 00.10 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2020 околу 18.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„ Димитрие Чуповски" во Скопје, полициски службеници, при легитимирање и преглед на Б.И.(19) од Скопје кај него пронашле метална шипка и истиот започнал да упатува навреди кон полициските службеници по што бил лишен од слобода.

На 25.02.2020 во 21.00 часот во СВР Тетово, жител на Тетово пријавил дека претходниот ден околу 22.00 часот едно лице на возраст од околу 40 години извршило обљуба врз малолетната ќерка на неговата сопруга. Во координација со јавен обвинител се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2020 во 10.00 часот во Одделението за внатрешни работи Гевгелија, 40-годишна жена од Гевгелија пријавила дека на 23.02.2020 околу 13.00 часот во Гевгелија А.В.(23) од Гевгелија со употреба на сила извршил обљуба врз нејзината малолетна ќерка. А.В бил пронајден и лишен од слобода, а за настанот бил известен јавен обвинител и по негова наредба над оштетената и сторителот биле извршени прегледи во Институтот за судска медицина-Скопје, а бил извршен и претрес во домот на А.В.. По извршените прегледи, А.В. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.02.2020 во 12.30 часот во Полициската станица Чаир, Е.А.(42) од Скопје пријавил дека на 14.02.2020 неговиот малолетен син, ученик во основното училиште „Живко Брајковски", по завршување на часовите, во близина на училиштето, физички бил нападнат од двајца негови соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2020 околу 12.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле А.Б.(30) од Гостивар, кој не ја почитувал мерката куќен притвор.

На 26.02.2020 во 00.10 часот во СВР Скопје, 25-годишна девојка од Кавадарци пријавила дека на 25.02.2020 околу 22.00 часот во лифт во зграда на ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин" едно лице се самозадоволувало пред неа и се обидело да ја повлече до него. Според пријавеното, таа го оттурнала и успеала да избега кога застанал лифтот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2020 во 21.55 часот, полициски службеници од Полициската станица Делчево го лишиле од слобода К.Ѓ.(27) од Делчево поради тоа што, под дејстов на алкохол, физички ја нападнал неговата мајка, ја кршел покуќнината во домот и се заканувал дека ќе ја убие неа и неговиот татко. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.02.2020 во 09.55 часот во СВР Скопје, од Бригадата за противпожарна заштита Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на бул. „АСНОМ", сопственост на А.З.(42) од Скопје. Пожарот го зафатил целиот стан, при што А.З. се здобил со повреди. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а од пожарот од надворешна страна бил оштетен и станот кој се наоѓа над опожарениот стан. Увид бил извршен.

На 25.02.2020 во 22.10 часот било пријавено дека настанал пожар во куќа во с.Сенокос-општина Долнени, сопственост на Б.Д.. Во пожарот, куќата целосно изгорела, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 25.02.2020 во 19.20 часот во СВР Куманово, од Итна медицинска помош било пријавено дека на ул.„521" во населба Карпош била пронајдена почината В.П.(64). По преземени мерки било утврдено дека починатата во 18.30 влегле во бањата да се тушира, а во 19.15 часот без знаци на живот ја пронашол нејзиниот син. Лекар констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на семејството.

На 25.02.2020 околу 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Февруарски Поход" во Скопје едно лице со закана со пиштол од вработената одзело пари и побегнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.02.2020 во 21.30 часот во СВр Скопје било пријавено дека во продавница на бул. „Борис Трајковски" едно лице со закана со нож од вработениот одзело пари од дневниот промет. Според пријавеното, лицето влегло во продавницата и во моментот кога вработениот не бил на касата почнало да вади пари. Кога вработениот го забележал, се обидел да го спречи, му го одзел ножот, по што лицето побегнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино, поднесе кривична пријава против Д.К.(32) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "измама". Д.К. преку интернет нудел посредување за работа во Германија, држејќи во заблуда три лица од кои две од Неготино и едно од Демир Капија, со наведување да уплатуваат парични средства на трансакциски сметки на две банки во разни суми, стекнувајќи се со противправна имотна корист од 119.450 денари, за кој износ тие биле оштетени.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.К.(35) од Прилеп, Д.К.(35) од Прилеп, З.Р.(36) од Охрид и К.М.(31) од Прилеп поради постоење основи на сомнение дека првопријавениот сторил кривично дело "фалсификување исправа" и "злоупотреба на лични податоци", додека второ, трето и четврто пријавените поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело "помагање". На 22.07.2019 полициски службеници при утврдување на идентитет на четворицата во населбата Пештани-Охрид, утврдиле дека првопријавениот покажал фалсификувана лична карта со негова слика, а со име од друго лице. Врз пријавените извршен бил преглед при што пронајдени биле предмети кои биле наменети за вршење на провални кражби. Пријавените се повикани во СВР Охрид и при извршување на разговори првопријавениот повторно приложил фалсификувана лична карта со негова слика, а второ, трето и четврто пријавените знаеле дека првопријавениот користи фалсификувана лична исправа и врши злоупотреба на друго лице но истите го прикриле делото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ќ.С.(25) од с. Корешница-Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "овозможување на употреба на наркотични droги и психотропни супстанции". На 24.04.2019 во Кочани кај казиното во ГТЦ Кочани Ќ.С. му овозможил на З.Р. (26) од Кочани да консумира марихуана, по што биле забележани од полициски службеници. При преглед над Ќ.С. била пронајдена и одземена марихуана, и било утврдено дека Ќ.С. во април 2019 од непознато лице од Гевгелија ја купил марихуаната.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет